беа избрани членови за форумите на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, а за претседател на Сојузот беше избран д-р Али Хадри, редовен професор на Филозофскиот факултет во Приштина. Со тоа Конгресот успешно ја заврши работата.

За особено одбележување е присуството на голем број историчари од СР Македонија, било како делегати, било како гости или пак со реферати. На Конгресот од Македонија беа присутни вкупно 71 историчар од кои 10 со реферати.

Васил ЈОТЕВСКИ

## ШКОЛСТВОТО, ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА ПРЕРОДБАТА

**(Научен симпозиум)**

По повод 120-годишнината од основањето на Трговската школа во Велес и 108-годишнината од основањето на Штипското педагошко училиште, Македонската академија на науките и уметностите организира Симпозиум на тема „Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата".

Периодот од 30-те до 70-те години на XIX век е многу важен за просветно-културниот и националниот развиток на македонскиот народ. Тоа е време од неговата понова историја, во кое се поставуваат основите на световното школство и просветата и се создаваат непоходни услови за неговата духовна и национална преродба. Како просветни институции училиштата одиграле значајна улога не само во задоволувањето на образовните потреби и просветно-културното издигање на нашиот народ, туку и во неговото национално осознавање. Тоа посебно дошло до израз кон средината на минатиот век во времето на сеопштиот општествен, економски и културен подем на нашето граѓанство, кога тоа станало активен и моќен фактор во борбата за духовна еманципација од грцизмот, а за самостоен просветно-културен развиток на нашиот народ. Одбележувањето на 120-годишнината од основањето на првото класно училиште во Македонија и од основањето на првото богословско педагошко училиште кај нас, преставува погоден повод за продлабочување и посестрано разгледување на просветно-културниот живот на македонскиот народ во времето на Преродбата.

Првиот дел од Симпозиумот се одржа на 22 декември 1977 година во Титов Велес, а вториот дел, каде што беа презентирани поголемиот дел од рефератите, се одржа на 23 и 24 декември во Штип. Беа поднесени вкупно 38 реферати, од кои 4 од другите републики и 34 од СР Македонија. Двајца референти од оправдани причини не ги поднесоа своите реферати. Насловите на сите реферати се вклопуваа во основната тематика што ја обработуваше овој научен собир. На овој Симпозиум што се одржа во горе споменатите два

македонски града, кои претставувале жаришта на македонското школство и просвета во времето на Преродбата, беа презентирани следниве теми:

Проф. д-р Ристо Кантарџиев, *Школството и просветата во Македонија во периодот на Преродбата (уводен реферат);* Проф. д-р Данчо Заграфски, *Условеноста и намената на Велешкото Трговско училиште во 1857 година;* Д-р Лазо Каровски, *Прашањето за литературен јазик во Преродбата и неговиот одраз во уметничката поезија;* Симон Дракул, *Архимандритот Анатолиј Зографски и неговите начинанија на полето на народната просвета;* Д-р Цветанка Органџиева, *Виктор И. Григорович и неговиот интерес за македонскиот јазик, фолклор и литература;* Д-р Климент Џамбазовски, *Влијание на српската општественост на Јордан Хаџи Константинов — Џинот врз формирањето на неговите политички и педагошки погледи;* Д-р Вера Антиќ, *За некои актуелни книжевни мотиви од средновековната книжевност присутни во книжевноста од XIX век;* Д-р Ристо Поплазаров, *Учеството на македонски просветни дејци во антиосманските борби и потфати од 60-те до 70-те години на XIX век;* Д-р Боро Мокров, *Првиот учителски собор на македонските учители во Прилеп;* М-р Александар Трајановски, *Просветно-културната дејност на Велешките црковно-училишни општини до нивното обединување;* М-р Михаило Миноски, *Активноста на Спиро Гулапчев и организацијата на „Пријателска дружина" за ширење опиити и практични знаења сред широките народни маси во Македонија;* Доне Пановски, *Просветителската работа на Славка Динкова и Ѓорѓи Динков-Динката;* Проф. д-р Ристо Кантарџиев, *Педагошката дејност и погледи на Јосиф Ковачев;* Д-р Крсте Битоски, *Грчката просвета во Македонија во османскиот период до 70-те години на XIX век;* Д-р Славко Димевски, *Влијанието на Антон врз културно-просветното движење и врските на Димитар Миладинов со Зографскиот манастир;* Д-р Иван Катарџиев, *Просветното движење во Серскиот санџак до Кресненското востание;* Д-р Бранислав Вранешевиќ, *Војвоѓанска јавност о школству Велеса и Штипа у доба Препорода македонског народа;* Д-р Владо Картов, *За преродбенските културно-просветни појави во Гевгелиско-валандовскиот крај;* Михаило Георгиевски, *Просветителските погледи на Кратовскиот учител Димитар Јосифовиќ во неговиот ракопис од 1858 и 1869 година;* Милан Стојковски, *Просветната дејност во Прилеп и борбата за еманципација од грчкото влијание во времето на Преродбата;* М-р Мито Мијовски, *Македонскиот јазик и неговата улога во демократизирањето на просветата во почетокот на Преродбата;* Киро Смически, *Развојот на просветата во Штип за време на Преродбата;* Георги Димовски — Цолев, *Стремежите и борбата на Битолското граѓанство за еманципација на патријаршиската доминација во црковно-училишниот домен;* Христо Андоновски, *Семејството Држиловци од Солун во македонската национална преродба;* Виоле-

та Герасимова, *Писменоста на Македонката во почетокот на XIX век. Ракописна книга од монахињата Параскева;* Симо Младеновски, *Учителот Камче Наков Поп Ангелов и неговата просветителска дејност во с. Ваташа, Тиквешко;* Доп. член. Манол Пандевски, *Преродбата во Струмичко до 70-те години на XIX век;* Проф. д-р Љубиша Доклестиќ, *Оцена културне, просветне и политичке делатности Ст. Верковиќа у Македонији 1850—1877 г.;* Проф. Јаким Синадиновски, *Општествено-просветните прилики во Горни и Долни Полог во времето на Преродбата;* Ристо Кирјазовски — Нове Велјановски, Некои прописи за регулирање на школството во Отоманската империја кон средината на XIX век; Мустафа Карахасан, *Образованието во Македонија во времето на Танзиматот;* Д-р Коста Балабанов, *Иконите со ликовите на Кирил и Методи и објаснувања околу нивното настанување;* Невенка Џумурова — Јањатова, *Активноста на Штипското читалиште „Дејатељност"* Димитар Ѓорнаков, *Творештвото во црквата Св. Богородица во Ново Село, Штипско, одраз на Преродбата во Македонија;* Драгослав Ортаков, *Музичката култура во Македонија во времето на Преродбата;* М-р Воислав Јаќоски, *Фолклорот и неговата улога во националното осознавање на некои од македонските преродбеници и просветители од 30-те до 80-те години на XIX век;* Љубомир Герасимов, *Книгата и Македонците во времето на Преродбата. Приватната библиотека во семејството Робеви.*

Симпозиумот го отвори Претседателот на Организациониот одбор, акад. Љубен Лапе. Собирот беше поздравен и од Ристе Ристевски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општината Титов Велес и Михаил Данев, претседател на Собранието на општината Штип. На симпозиумот покрај референтите, членовите на Организациониот одбор, членови на МАНУ, присуствуваа и Фируз Демир ,член на Претседателството на СРМ, Љупчо Копровски, републички секретар за образование и наука. Драган Николовски, секретар на републичката заедница на научните дејности, неговото Преосвештенство митрополит Канадско-австралиски г. Кирил со придружба, и голем број научни, јавни и културни работници од Титов Велес, Штип и од Републиката.

Бројот на поднесените реферати говори за сè поголемиот интерес на научните работници од Македонија и од другите републики кон проучувањето на поблиското минато на македонскиот народ. На Симпозиумот беа презентирани теми од теоретски карактер, но и теми тесно сврзани со школството и просветата во Македонија во времето на Преродбата. Вредно би било да се напомене дека овој Симпозиум покажа дека сè повеќе се чувствува дека во нашата историографија хронолошката обработка на историските настани им го отстапува местото на трудовите со синтетички и аналитички карактер.

Во дискусијата, што се водеше во Титов Велес и во Штип, зедоа учество голем број дискутанти, од кои некои и по 2—

3 пати. Сето ова говори дека темата на Симпозиумот беше мошне разновидно обработена од повеќе области, а одделните реферати третираа интересна проблематика.

Дискусијата беше отворена, и конструктивна. Иако некои дискутанти делумно се повторуваа, може да се заклучи дека по одделни прашања, таа претставуваше значаен прилог во расветлувањето на настаните од периодот на Преродбата. Дискусијата исфрли повеќе нови проблеми од областа на историографијата и другите хуманитарни науки, кои во иднина треба да бидат предмет на нови истражувања. Посебно се истакна дека голем број материјали за одделни историски настани сè уште не се проучени, бидејќи архивите во некои странски земји, во коишто можат да се најдат драгоцени документи за нашето минато, сè уште се затворени.

При разгледувањето на проблемите од областа на културата се истакна потребата да се пристапи кон подробно проучување на музичката култура и културните прилики во целина, во времето на македонската национална преродба.

Особено место дискусијата одdeли на сестраното разгледување на самиот поим на Преродбата, нејзините почетоци, времетраење и димензии, нејзините фази и нивни карактеристики. Посебно беа нагласени импулсите во првите фази на Преродбата што доаѓаа од манастирот Зограф, од Света Гора и од другите манастири и оставија порака за уште потемелно разгледување на оние поттици од манастирите.

Сумирајќи ги разултатите од тридневната работа на Симпозиумот, Организациониот одбор во состав: акад. Љубен Лапе, претседател, проф. д-р Ристо Кантарџиев, потпретседател, акад. Михаило Апостолски, доп. член Манол Пандевски, д-р Глигор Тодоровски, д-р Владо Картов, Благој Стоичовски, проф., секретар, Трајковски, м-р Александар Трајановски, научен секретар и Благој Стојчовски, проф., секретар, со задоволство констатира дека во потполност се исполнети надежите и очекувањата од овој Симпозиум.

Целта на овој научен собир беше да ја расветли Преродбата од повеќе аспекти, да дообјасни многу настани од тој период кои сè уште не беа доволно расветлени, и да проучи едно време од тешкото минато на македонскиот народ кое е мошне важно за неговото просветно и културно будење и издигнување.

Благој СТОИЧОВСКИ

## МЕЃУУНИВЕРЗИТЕТСКА СОРАБОТКА

### ПРЕСТОЈ НА ГРУПА СТУДЕНТИ И НАСТАВНИЦИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" — СКОПЈЕ ВО СССР

Врз основа на договорот за размена на студенти меѓу универзитетите Ленински комсомол во Воронеж (СССР) и „Кирил и Методиј" во Скопје група од еден професор, еден асистент и